# УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ

Добредојдовте на Bizi Kids / Bizi School мобилната апликација. Со нејзиното користење Вие се согласувате со Условите за користење (дефинирани подолу). Ве молиме прочитајте ги внимателно. Ако имате некои прашања обратете ни се на contact@bizi.kids

Со користењето на мобилната апликација, Корисникот ги прифаќа Условите за користење и Условите за купување (дефинирани подолу).

1. За платформата

Bizi Kids и Bizi School заедно претставуваат интегрирана платформа, која што претставува пазар на вон-наставни активности, како што се часови и други типови на активности за деца. Менторите/училиштата ја користат апликацијата Bizi School како даватели на услуги за објавување и промоција на нивните часови и активности. Соодветно на тоа, родителите ја користат апликацијата Bizi Kids за прегледување и купување на часовите објавени од давателите на услуги во корист на нивните деца.

Двете апликации се достапни за преземање единствено преку официјалните продавници Apple App Store и Google Play Store.

2. Функционирање на корисник на Bizi Kids апликацијата

Родителот / корисникот отвора профил за своето дете наведувајќи ги податоците за училишната возраст на детето и темите на интерес за кои сака да најде ментор или друга образовна / забавна организација за своето дете.

Апликацијата му нуди на корисникот да ги лоцира најблиските до него ментори и/или други организации кои нудат програми од едукативен карактер.

Апликацијата му помага потоа на корисникот да ги резервира термините потребни за изведување на едукативниот час или програма.

Апликацијата го води корисникот потоа до кошничката во која тој ги резервира потребните часови за своето дете и ја извршува уплатата за дадената услуга.

3. Функционирање на корисник на Bizi School апликацијата

Менторот се регистрира на апликацијата Bizi School со која отвора свој кориснички профил и ги наведува предметите и активностите кои ги одржува.

Училиштето се регистрира на апликацијата Bizi School со која отвора свој кориснички профил и дополнително ги регистрира учителите и предметите и активностите кои ќе ги одржува.

Менторот / Училиштето го наведува и времето во кое ќе го оддржува часот и цената на понудата.

Bizi School ја наплатува својата услуга од корисникот (ментор или училиште) за посредувањето при резервирањето на термините потребни за изведување на едукативниот час или програма.

Исплаќањата кон менторите / училиштата се вршат согласно со меѓусебен договор за посредување, по издадена пресметка од системот на апликацијата.

4. Кориснички профил

Корисникот е согласен дека Bizi Kids / Bizi School нема никаква одговорност за било каков инцидент кој може да произлезе или е поврзан со корисничкиот профил. Корисникот го креира своето корисничко име и лозинка и исклучиво корисникот лично е одговорен за нивно доверливо чување и безбедност.

Корисникот Ментор / Училиште е должен да ги обновува податоците во неговиот профил.

5. Користење на апликацијата

Како предуслов за користење на апликацијата, Корисникот се согласува дека:

- Има најмалку 18 години;
- Користењето на апликацијата во секое време ќе биде во согласност со овие Услови;
- Резервацијата на ментори се само за употреба на Корисникот (Родител/Старател) односно неговото дете.
- Bizi Kids / Bizi School може да ја користи е-маил адресата на Корисникот за испраќање на промотивни понуди исклучиво во контекст на услугите достапни на Bizi Kids / Bizi School апликацијата.

Единствено Давателите на услугите се одговорни пред Корисниците за квалитетот на услугите кои се нудат.

6. Услови за купување

Корисниците на услугите можат да закажат термин кај давателите на услуги само доколку имаат регистрирано профил на апликацијата.

Апликацијата користи безбедносен систем за виртуелна наплата поддржан од Стопанска Банка АД Скопје. Податоците од платежната картичка кои се внесуваат при плаќањето односно купувањето не се зачувуваат во апликацијата.

Bizi Kids / Bizi School нема пристап до информациите од платежните картици на Корисниците, ниту за оние кои би извршиле плаќање во корист на корисниците.

За описот на услугите во Bizi Kids / Bizi School Апликацијата кои се дадени од страна на Давателите на услугите, Bizi Kids / Bizi School не гарантира, ниту е одговорен за давањето на услугата или замерки во однос на квалитетот поврзани со понудата.

Bizi Kids / Bizi School може да одбие процесирање на купување или да откаже направено купување, ако е тоа разумно неопходно, во согласност со важечките закони или со цел да одговори на погрешна интерпретација, измама или потенцијално кршење на законите или Условите за користење.

Барања за рефундирања на средства може да се достават на е-маил со детално образложение зошто истото се бара, а за кое тимот на Bizi Kids / Bizi School соодветно одлучува дали истите ќе бидат рефундирани.

Ако одредена понуда стане недостапна за купување, Bizi Kids / Bizi School ќе го откаже купувањето и за истото ќе го извести Корисникот по е-маил.

Термините кои се објавени на апликацијата се достапни за резервација за секој регистриран Корисник.

Со резервацијата и плаќањето на термин преку апликацијата се генерира код, кој е потребно да се презентира на Давателите на услугите пред отпочнување на закажаниот термин во одбраната локација.

7. Употреба на кодовите за успешно закажани термини

Корисникот е должен пред почеток на закажаниот термин да му го покаже на Давателот на услугите купениот код од апликацијата. Доколку Корисникот не го покаже кодот, Давателите на услугите имаат право да го одбијат Корисникот да ја користи услугата.

Корисникот е должен да го запази времето и местото на одржување на часот и да дојде во точно определениот термин, во спротивно Давателите на услуги го задржуваат правото да не му дозволат на Корисникот да го искористи закажаниот термин.

8. Заштита на лични податоци

Bizi Kids / Bizi School ги обработува личните податоци на Корисниците во согласност со законските прописи за заштита на личните податоци во Република Северна Македонија односно Законот за заштита на личните податоци и подзаконските акти.

Категории на лични податоци кои се обработуваат се опфатени и детализирани во посебната Политика на приватност за секоја од апликациите.

Bizi Kids / Bizi School е исклучив контролор на личните податоци кои Корисниците директно ги имаат споделено во апликацијата и се обврзува да не ги оддаде личните податоци на трети лица, освен во случаите како што е дефинирано во овие Услови и со посебната Политика за приватност. Bizi Kids / Bizi School е процесор на личните податоци кои Корисниците ги имаат споделено врз основ на Договор склучен со одредени соработници на Bizi Kids / Bizi School, а ги користат услугите достапни во Апликацијата врз основ на взаемна согласност и договор. Како процесор на овие податоци Bizi Kids / Bizi School се обврзува да не ги оддаде личните податоци на трети лица, освен во посебните случаи предвидени со Политиката за приватност.

Bizi Kids / Bizi School може да ги употреби податоците на Корисниците исклучиво за идентификување на корисниците при креирање на профил, за присилна наплата на долгови по основ на наплатени а нереализирани часови од страна на менторите, сопствени статистички цели, а со цел унапредување на искуството на Корисниците со користењето на апликацијата и за промотивни материјали исклучиво во контекст на користење на Апликацијата.

9. Авторски права и трговска марка

Апликацијата содржи заштитен материјал, авторски права, трговска марка, вклучувајќи ги, но не ограничувајќи се на текст, софтвер, слики, видео и графика. Се што се наоѓа на апликацијата е во ексклузивна сопственост на „ДЛВ НУКЛЕУС“ ООД - Подружница број 1, Скопје, е-маил: contact@bizi.kids и има авторско право над селекцијата, одбирањето, координацијата или модификацијата на содржината, како и врз содржината која оригинално ја поседува апликацијата. „ДЛВ НУКЛЕУС“ ООД - Подружница број 1, Скопје има авторско право над фотографиите кои се во нејзина сопственост, како што се фотографиите кои се фотографираат за целите на понудите.

Секое копирање, дистрибуирање, пренесување, модифицирање, учествување во продажба, поставување на линкови или на било кој начин користење на содржината од апликацијата, делумно или целосно без изречна писмена согласност од „ДЛВ НУКЛЕУС“ ООД - Подружница број 1, Скопје  е строго забрането.
Секое прекршување на оваа политика може да резултира со прекршоци на авторските права, трговската марка или друга интелектуална сопственост и може да го доведе крајниот корисник до водење на граѓански и/или кривични постапки.

Bizi Kids / Bizi School логото е заштитена трговска марка на „ДЛВ НУКЛЕУС“ ООД - Подружница број 1, Скопје . Сите права во однос на оваа марка се задржани. Доколку не е поинаку назначено, сите други трговски марки кои се појавуваат на Bizi Kids / Bizi School се сопственост на Давателите на услуги.

10. Решавање на спорови и надлежност

Сите спорови кои можат да произлезат исклучиво во врска со употребата на апликацијата страните ќе се обидат да ги решат спогодбено или по пат на медијација. Во случај споровите да не можат да се решат спогодбено, надлежен суд ќе биде Основниот граѓански суд Скопје.

Bizi Kids не е одговорен за било какви спорови кои може да настанат помеѓу Корисниците и Давателите на услугите.

За се што не е уредено со овие Услови на користење се применуваат важечките законски прописи во Република Северна Македонија.